**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИВО 2023 ГОДИНА

Скопје, јули 2024 година

**С О Д Р Ж И Н А**


1. **ВОВЕД.....................................................................................3**
2. **ПОИМ И ВИДОВИ МЕРКИ...........................................................4**
3. **СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД...........................................................6**

3.1 Преглед на примена на посебните истражни мерки по вид и по кривичнодело **.........................................................7**

4. **ЗАКЛУЧОК.................................................................................13**

# I. В О В Е Д

Посебните истражни мерки се силен и адекватен одговор за спротивставување и пресретнување на различните облици на организиран криминал, корупција, тероризам и другите тешки облици на криминал.

Правото и должноста на јавниот обвинител предлага или да издава наредба за преземање на посебни истражни мерки е предвидено во членот 39 од Законот за кривичната постапка. Условите и начинот за преземање на посебни истражни мерки исто така се законски регулирани. Тие се определуваат само за потешки кривични дела и тогаш кога е веројатно дека со другите доказни средства нема да биде возможно и доволно ефикасно обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка.

Современите облици на криминалот, а особено тешкиот и организираниот криминал не може да се откријат и за нив да се обезбедат докази без примена на посебни истражни мерки. Но, со оглед на тоа што, нивната примена претставува и упад во личните права и слободи на поединецот, неопходно е да се постигне своевиден баланс помеѓу интересот на ефикасниот кривичен прогон и почитувањето на основните човекови права и слободи.

Согласно чл.271 од Законот за кривичната постапка, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има обврска еднаш годишно да достави извештај до Собранието на Република Северна Македонија, за посебните истражни мерки што се побарани во претходната календарска година. Овој изештај, кој статистички на годишно ниво ја прикажува динамиката на примената на посебните истражни мерки, овозможува отчетност на институциите надлежни за кривичен прогон.

Во извештајот пред вас, преку бројот на постапките и издадените наредби за примена, бројот на набљудувани објекти и лица, кривичните дела за кои биле применети овие мерки, времетраењето на секоја мерка одделно и

сл., се изложени и резултатите кои произлегле од примената на поебните истражни мерки, а кои се релевантни за постапката.

## II.ПОИМ И ВИДОВИ МЕРКИ

Посебните истражни мерки, по својата природа, претставуваат смислено нарушување на одредени човекови слободи и права загарантирани со Уставот и меѓународните документи, а заради остварување на повисоки цели - заштита на општеството и граѓаните од тешки форми на криминал и ефикасна и успешна борба против него. Со посебните истражни мерки на органите на кривичниот прогон не само што значително им се надминуваат или намалуваат потешкотиите при откривањето и гонењето на организираниот и тешкиот криминал, туку им се овозможува и активна улога уште во претходната постапка.

Од овие причини, примената на ваквите мерки е прецизно регулирана во Законот за кривичната постапка како и во другите закони (Закон за следење на комуникациите) и е предвидена само во строго определени случаи кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг начин не можат да се соберат.

Дополнително, оперативната примена на ваквите мерки подетално е разработена и реглирана и со подзаконски акти – задолжителни упатства.

Посебните истражни мерки, нивниот вид и број пропишани се во чл.252 од ЗКП, и тоа:

- следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации во постапка утврдена сопосебен закон од член 252 ст.1 т.1;

- следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие

простории заради создавање на услови за следење на комуникации од член 252 ст.1 т.2;

- тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен од член 252 ст.1 т.3;

- таен увид и пребарување во компјутерски систем од член 252 ст.1 т.4;

- автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци од чл.252 ст.1 т. 5;

- увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од член 252 ст.1 т.6;

- симулиран откуп на предмети од член 252 ст.1 т.7;

- симулирано давање и примање поткуп од член 252 ст.1 т.8;

- контролирана испорака и превоз на лица и предмети од член 252 ст.1 т.9;

- користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи од член 252 ст.1 т.10;

- отворање симулирана банкарска сметка од член 252 ст.1 т.11;

- симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци од член 252 ст.1 т.12.

## III.СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД

Во основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија во текот на 2023 година применети се посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП во вкупно 87 случаи со кои се опфатени 416 лица со утврден идентитет и 93 предмети на кривично дело.

За споредба, во 2022 година во сите основни јавни обвинителства беа применети посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП во вкупно 53 случаи против 413 лица со утврден идентитет, 2 лица со неутврден идентитет и 136 предмети на кривично дело.

Според тоа, во 2023 година може да се констатира дека постои раст од 64% на бројот на предмети во кои биле спроведени посебни истражни мерки во однос на претходната година. Но, во исто време, бројот на лица со утврден идентитет против кои се применети мерките е незначително зголемен од 413 лица во 2022 година на 416 лица во 2023 година. Во однос на предметите на кривично дело опфатени со посебни истражни мерки, постои намалување на бројот од 136 во 2022 година на 93 во 2023 година (процентуално намалување од околу 32%).

Сепак, овие вкупни статистички податоци на бројот на случаи и бројот на лица со утврден и со неутврден идентитет спрема кои се спроведени посебни истражни мерки не може да се анализираат како прост збир на поединечните бројки за примената на посебните истражни мерки по вид и по кривично дело. Ваквата состојба е резултат на фактот дека најчесто во пракса не се применува посебна истражна мерка само по еден основ, туку во повеќето случаи се комбинира примена на повеќе видови на посебни истражни мерки.

Така на пример, во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во извештајниот период, од вкупно применетите посебни истражни мерки во 24 случаи, во дури 21 случај постои истовремена примена на повеќе истражни мерки, со нивно заедничко и координирано спроведување, со цел да се приберат сите неопходни докази кои на друг начин не би можеле да бидат прибрани.

## III.1. ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИТЕ ИСТРАЖНИ МЕРКИ ПО ВИД И ПОКРИВИЧНО ДЕЛО

### 1. Мерка од член 252 ст.1 т.1 (Следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон).

Оваа мерка е применета во вкупно 31 случаи, против 133 лица од кои сите се со утврден идентитет.

Во 13 случаи примената на мерката траела до 1 месец, во 4 случаи до 2 месеци, во 17 случаи до 4 месеци, во 5 случаи до 6 месеци и во 3 случаи до 12 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебните истражни мерки во 1 случај отворена е предистрага, во 4 случаи за 60 лица се донесени Наредби за спроведување на истражна постапка, во 2 случаи е запрена истражната постапка, бидејќи не се обезбедени доволно докази, во еден случај е донесена резолуција, во еден случај е донесено решение за непреземање на кривично гонење, за 29 лица поднесено е обвинение и донесени се 4 пресуди, во 3 случаи се поднесени обвинителни акти, во 1 случај донесена е пресуда врз основа на спогодба и за 94 лица мерката е во тек.

Во однос на 2022 година кога имало 37 случаи против 175 лица, во 2023 година се забележува намалување за 6 случаи и 42 лица со утврден идентитет за кои била применувана ваква мерка.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.123 ст.1 од КЗ (Убиство), во 3 случаи,
- чл.141 од КЗ (Грабнување) во 1 случај
- чл. 191 од КЗ (Посредување во вршење проституција) во 1 случај
- чл.215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори), во 36 случаи,
- чл. 273 од КЗ (Перење пари и други приноси од казниво дело) во 1 случај.

- чл.247 од КЗ (Измама) во 1 случај.

- чл.268 од КЗ (Фалсификување пари) во 1 случаи

- чл.322 –а од КЗ (Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации) во 1 случај

-чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување ) во 2 случаи

- чл.373 од КЗ (Противзаконито ослободување на лице лишено од слобода) во 1 случај.

- чл.359 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание) во 1 случај

- чл.394 –а од КЗ (Терористичка организација) во 4 случаи,

- чл. 394- б од КЗ (Тероризам) во 2 случаи

- чл. 394-в од КЗ ( Финансирање на тероризам) во 1 случај

- чл. 357 од КЗ ( Примање поткуп ) 4 случаи,

- чл.396 од КЗ (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи) 2 случаи,

- чл.418-б од КЗ (Криумчарење на мигранти) во 1 случаи, и

- чл.418-в од КЗ (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе , трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти) во 3 случаи.

2. **Мерка од член 252 ст.1 т.2 (Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации).**

Оваа мерка е применета во вкупно 2 случаи против спрема 2 објекти.

Во 2 случаи применaта на мерката до 4 месеци и во еден случај мерката е запрена, а во 1 случај поднесена е кривична пријава и се преземаат дејствија во предистражна постапка.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 ст.3 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори), во 1 случај,

-чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување ) во 1 случај

Во претходната 2022 година оваа посебна истражна мерка се применуваше исто така во 2 случаи и со неа беа опфатени 3 лица и 2 предмети.

3. **Мерка од член 252 ст.1 т.3 (Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен).**

Оваа мерка е применета во вкупно 34 случаи против 156 лица со утврден идентитет и против 87 предмети врз кои се применувала мерката.

Во 9 случаи примената на мерката траела до 1 месец, 3 случаи до 2 месеци, во 14 случаи до 4 месеци, во 4 случаи до 6 месеци и во 3 случаи до 8 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебните истражни мерки во 8 случаи се донесени Наредби за спроведување на истражна постапка, во 1 случај постапката е запрена поради тоа што не биле обезбедени доволно докази или поради претек на времето за кое е определена мерката, во 1 случај е донесено речение за непреземање на кривично гонење, за 33 лица се поднесени обвинителни акти, за 4 лица донесена е пресуда, во еден случај донесена е пресуда врз основа на спогодба, во 71 лице истрагата е во тек.

Во однос на 2022 година кога мерката била применета во 42 случаи против 182 лица и 71 предмети на кривично дело, во извештајната година има намалување за 8 случаи, додека кај опфатените лица има намалување на опфатот за 8 лица, а кај предметите има зголемување за 16 предмети.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.123 од КЗ (Убиство), во 1 случаи,
- чл.215 од КЗ (Неовластено производство, пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори), во 4 случаи,
- чл.394 а од КЗ (Терористичка организација ), во 1 случаи,

- чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување) во 1 случај,
- чл.357 од КЗ (Примање поткуп), во 2 случај,
- чл.359 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание) во 1 случај,
- чл. 394 од КЗ (Злосторничко здружување) во 1 случај,
- - чл. 394- а од КЗ (Терористичка организација) во 1 случај ,
- чл. 394–б од КЗ (Тероризам) од КЗ во 2 случаи,
- чл. 394 – в од КЗ (Финансирање на тероризам) во 2 случаи
- чл. 322-а од КЗ (Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации) од КЗ во 1 случај,
- чл. 268 од КЗ (Фалсификување пари) од КЗ во 1 случај,
- чл. 247 од КЗ (Измама) од КЗ во 1 случај,
- чл. 273 од КЗ (Перење пари и други приноси од казниво дело) од КЗ во 2 случаи,
- чл.418-в (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе , трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти) од КЗ во 1 случаи.

**4. Мерката од чл.252 ст.1 т.4 (Таен увид и пребарување во компјутерски систем), не била применета во ниту еден случај.**

**5. Мерката од чл.252 т.5 (Автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на лични податоци), не била применета во ниту еден случај.**

**6. Мерка од член 252 ст.1 т.6 (Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации), не била применета во ниту еден случај**

**7. Мерката од член 252 ст.1 т.7 (Симулиран откуп на предмети)**

Оваа мерка во 2023 година е применета во вкупно 8 случаи против 42 лица со утврден идентитет.

Во 3 случаи мерката траела до 1 месец, во 1 случај примената на мерката траела до 2 месеци,  а во 4 случаи до 4 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебните истражни мерки во 2 случаи за 21 лице се донесени Наредби за спроведување на истражна постапка, и по завршување на истражната постапка за 2 лица донесена е Наредба за запирање на истражната постапка, за едно лице донесена е Резолуција, за 18 лица се поднесени обвинителни акти, за 3 случаи мерката е во тек.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство, пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори), во 7 случаи,
- чл.418-в од КЗ (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти) и чл.396 (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи) во 1 случај.

Во претходната 2022 година оваа мерка беше применувана во 5 случаи против 22 лица со утврден идентитет, па во извештајната година се констатира зголемување и на бројот на случаи и на опфатот на примена на мерката.

**8. Мерката од член 252 ст.1 т.8 (Симулирано давање и примање поткуп)**

Оваа мерка во извештајната 2023 година е применета во вкупно 2 случаи против 2 лица со утврден идентитет

Во 1 случаи примената на мерката траела до 1 месец , во 1 случај до 2 месеци,

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.357 од КЗ (Примање поткуп), во 1 случај,
- чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување) во 1 случај

Во 2022 година беше применувана во 4 случаи против 5 лица со утврден идентитет.

**9. Мерката од член 252 ст.1 т.9 (Контролирана испорака и превоз на лица и предмети) не била применета во ниту еден случај.**

**10. Мерката од член 252 ст.1 т.10 (Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи).**

Оваа мерка е применета во 10 случаи против 82 лица со утврден идентитет.

Во 2 случаи примената на мерката траела до 1 месец, во 1 случај траела до 2 месеци, во 4 случаи траела до 4 месеци и во 3 случаи до 6 месеци .

Во 4 случаи, врз основа на прибавените докази од спроведените посебни истражни мерки донесени се наредби за спроведување истрага за 60 лица, за едно лице донесена е решение за непреземање на кривично гонење, за 1 лице донесена е наредба за запирање на истражната постапка, и за 23 лица истрагата е во тек, против 29 лица поднесен е обвинителен акт и за 4 лица донесени се пресуди. Во 1 случај донесена е Резолуција, во 1 случај по поднесена кривична пријава се преземаат дејствија во предистражна постапка, додека во 3 случаи мерката е во тек.

Во однос на 2022 година кога оваа мерка била применета во 7 случаи против 49 лица, во 2023 година има зголемување на бројот на случаи за 3, додека бројот на опфатените лица е зголемен речиси двојно.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори), во 7 случаи,
- чл.418-в од КЗ (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе , трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти) во 2 случаи.
- чл.418-б од КЗ (Криумчарење на мигранти) во 1 случај
- чл.394 – в од КЗ (Финансирање на тероризам) во 1 случаи.

-чл.396 (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи) од КЗ во 1 случај.

-- чл.359 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание) во 1 случај,

- чл. 394 од КЗ (Злосторничко здружување) во 1 случај.

- чл.357 од КЗ (Примање поткуп), во 1 случај,

**11. Мерката од член 252 ст.1 т.11 (Отварање симулирана банкарска сметка), не била применета во ниту еден случај.**

**12. Мерката од член 252 ст.1 т.12 (Симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци), не била применета во ниту еден случај.**

## IV.ЗАКЛУЧОК

Во текот на извештајната 2023 година, забележително е дека има зголемување на примената на посебните истражни мерки во однос на 2022 година, и тоа додека бројот на случаи е значително зголемен, опфатот на лица со мерките е речиси на исто ниво како и лани.

Како и минатите години, забележително е дека посебните истражни мерки во најголем број на случаи се применувале за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и перкурзори од чл.215 од КЗ, додека за другите кривични дела определени се во помалку случаи.

Според податоците за примена на посебни истражни мерки во извештајниот период, тие во најголемиот дел од случаите се вклучени по иницијатива на Министерството за внатрешни работи, во помалку по иницијатива на Управата за финансиска полиција, а во еден случај мерките се по сопствена иницијатива на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција.

Примената на посебните истражни мерки за јавното обвинителство не предизвикува финансиски импликации со оглед на тоа што мерките ги спроведува Министерството за внатрешни работи кое до обвинителството не доставува извештај за трошоците за примена на овие мерки.

Неопходно е да се истакне дека во однос на 2022 година, примената на посебните истражни мерки во 2023 година била поефикасна, времетраењето на нивната примена е намалено и поголем број случаи завршиле со понатамошни постапки - отворање истраги и подигнување обвиненија.

Мерките се применувани само во ситуации во кои не може со други средства да се прибават докази.

Детерминираноста на примената на посебните истражни мерки во борбата против организираниот криминал и корупција, произлегува од потребата за сузбивање на дејствијата во една претходна постапка и обезбедување квалитетни докази за кривичен прогон. Во спротивно борбата против овој тежок криминал би била неефикасна.

Потребата од овој вид на мерки за обезбедување на докази, се потврдува и со фактот што значителен број истраги во кои биле користени, завршиле со покренување обвинение и осудителни пресуди.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Љупчо Коцевски**